# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIII No 1932 6 OCTOBER 2023 FREE



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe




## САРАВИНОВСКИ ПОВТОРНО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА БЕЈСАЈД



ВО СИДНЕЈ БИЛ САРАВИНОВСКИ Е ЛЕГЕНДА ШТО ПОВЕЌЕ ОД 30 ГОДИНИ УСПЕШНО ОПСТОЈУВА ВО ЛОКАЛНАТА ПОЛИТИКА

## ПЕНЗИОНЕРИ ПОМИНАЛЕ 500 ДЕНА НА КРСТАРЕЊЕ, ЗАТОА ШТО Е ПОЕВТИНО ОД СТАРЕЧКИ ДОМ

ВО МЕЛБУРН СВЕЧЕНО ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА:

# НОВИОТ МАКЕДОНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО ЕПИНГ




EZEVO RAKIJA

Australian Grape Brandy Distiller of the Year 2023

- Australian Made
- Double Distilled
- Quality Shiraz Grapes from the Barossa Valley
- Modern Filtration Techniques

- Австралиско производство
- Двојно дестилирано
- Квалитетно грозје Шираз од долината Бароса
- Современа техника на филтрација

Достапно низ цела Австралија. За информации јавете се во Kabina Distilling на **03 9046 2427**.
Каде се продава, видете на **www.kabinadistilling.com** или контактирајте со Flox Wine and Spirits на **03 9464 7299** или **info@floxwines.com.au**. Bottled by Kabina Distilling Company.

www.kabinadistilling.com




EZEVO 700ML 40%

EZEVO BLACK 500ML 47%

EZEVO GOLD 700ML 40%

# 14 Македонци и 27 фирми си имаат авиони: Со приватен лет на кафе во Дубровник, Охрид, Тиват....

Повеќе Македонци со сопствените авиони и едрилици беа дел од аеромитингот што се одржа по повод 100 години авијација во Македонија. Според Регистарот што го води Агенцијата за цивилно воздухопловство, македонските граѓани поседуваат 14 авиони, при што 3 се од типот „цесна“ и уште еден спортски авион од друга марка,10 се таканаречени ултралесни воздухоплови, а имаат и 4 едрилици. Домашни фирми поседуваат 23 авиони, 4 ултралесни авиони и 4 едрилици. Меѓу нив е и „авиончето“ на Владата, а другите се главно на аероклубови кои прават и обуки за пилоти.

Јане Стефанов од Аероклубот „Скопје“ објаснува дека и со авионите „цесна“ и со ултралесните авиончиња може да се патува на големи дестинации, со тоа што во зависност од типот на авионите некои може да поминат поголема километража, а некои помала, па ќе треба да застанат за да наполнат гориво.

– Ултралесните авиони според нашата регулатива се до 450 килограми и овој тип авиони секогаш се двоседи, за разлика од спортските авиони, кои може да имаат повеќе седишта. Генерално, авијацијата до 2 тони е спортска и тука се вбројуваат и „цесните“. Но, како и со спортските авиони, така и со суперлесните авиони, нивните сопственици си патуваат насекаде низ Европа – вели Стефанов за „Слободен печат“.

Со ултралесните авиони во просек се патува 150 километри на час, но дека патот не е секогаш праволиниски. Се следат дадени насоки, а на пример до Охрид треба да се заобиколи Солунска Глава, па летот трае најмалку еден час.

– До Дубровник може да се стигне за два и пол часа, до Тиват за два часа, до Подгорица за еден и пол час. Секако, не е во прашање само брзината, туку и убавината на патувањето – вели Стефанов.

Додава дека сопствениците на мали авиончиња од Македонија знаат да отидат и на еднодневно капење во Црна Гора, или пак, да испијат кафе во Дубровник.

– Кога ќе се каже дека некој има авион, обично постои фама дека станува збор за премногу голема сума. Цената на авионите се движи од 150.000 до 200.000 евра, а некои толку пари даваат и за возила. За екстра лесен авион може да се издвојат од 35.000 до 150.000 евра. Секако сето тоа зависи од моделот и колку е зачуван – вели Стефанов за „Слободен печат“.

Како што може да се види од Регистарот на воздухоплови, авионите се купувани во периодот од 1996 до 2018 на старо. Така, најстариот произведен авион во сопственост на македонски граѓанин е произведен во 1965 година но, како што тврди Стефанов, во авијацијата не постои стар авион. Важно е како се одржува и дали се почитуваат правила за редовните сервиси.



**Спортски авион на старо чини од A$250 до A$330 илјади. За да се изнајми авион за излет до Охрид треба да се издвојат A$800, а за Дубровник околу A$2,500**

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
PUBLISHED BY:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: (03) 9404 2990
Mobile: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

## Со интонирање на македонската химна ќе започнува наставата во основните училишта во Аеродром

Наставата во основните училишта во Аеродром отсега секој понеделник ќе започнува со интонирање на македонската химна, објави градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски.





Посочува дека химната ќе се интонира затоа што почитта и љубовта кон татковината се градат од најмала возраст.

- Станува збор за иницијатива преку која изразуваме искрена почит кон татковината и со која имаме цел да го подигнеме националното чувство и љубовта на дечињата кон Македонија, но и ќе ги охрабриме да учат за македонската култура и традиција, објави Муцунски.

Ваква пракса не е непозната за оваа општина. Македонската химна беше интонирана еднаш неделно во 2014 година, за во 2015 година да се интонира секојдневно, кога градоначалник на општината беше Ивица Коневски од ВМРО-ДПМНЕ, а министер за образование Панче Кралев.






ДОЛЖНИЧКО РОПСТВО:

# Јавниот долг се доближува до A$15 милијарди!

ИЗДАДЕНИ ЕВРООБВРЗНИЦИ

| Министер за финансии | Година на издавање | Износ (во милиони евра) | Рочност (години) | Отплата (година) | Купонска камата | Вкупно камата (во милиони евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Никола Поповски | 2005 | 150 | 10 | 2015 | 4,625% | 69,4 |
| Трајко Славески | 2009 | 175 | 3,5 | 2013 | 9,875% | 60,5 |
| Зоран Ставрески | 2014 | 500 | 7 | 2021 | 3,975% | 139,1 |
| Зоран Ставрески | 2015 | 270 | 5 | 2020 | 4,875% | 65,8 |
| Кирил Миноски | 2016 | 450 | 7 | 2023 | 5,625% | 177,0 |
| Драган Тевдовски | 2018 | 500 | 7 | 2025 | 2,750% | 96,2 |
| Нина Ангеловска | 2020 | 700 | 6 | 2026 | 3,675% | 154,3 |
| Фатмир Бесими | 2021 | 700 | 7 | 2028 | 1,625% | 79,6 |
| Фатмир Бесими | 2023 | 500 | 4 | 2027 | 6,960% | 139,2 |

Јавниот долг на Македонија се доближува до девет милијарди евра (скоро A$15 милијарди), предупредува политичката партија Левица.

„За покривање на буџетскиот дефицит и враќање на старите долгови, оваа година Владата не задолжи со нови 1,3 милијарди евра, само по основ на хартии од вредност. Покрај деветтата еврообврзница, издадени се државни записи и државни обврзници на домашниот пазар, а новина е граѓанската обврзница.

Криминогената власт на СДС и ДУИ своето расипничко работење и буџетските дупки ги покрива со емисија на хартии од вредност, наместо со намалување и рационализација на трошоците. Јавниот долг од 1,8 милијарди евра во 2002 година, порасна на 8,3 милијарди евра заклучно со вториот квартал оваа година, со тенденција да расте и понатаму и сè поблиску е до девет милијарди евра на крајот од оваа година!

Покрај овие задолжувања, власта во континуитет не задолжува со разни заеми за изградба на капитални проекти, од кои освен обврски за неповлечени средства, провизии и пенали, народот не виде ниту еден реализиран проект.

Идните генерации и државата се туркаат во ДОЛЖНИЧКО РОПСТВО. Затоа Левица во својата програма предвидува воведување на прогресивно оданочување (со што би се слеале значајни средства во буџетот) и кратење на сите непродуктивни расходи кои народот ги плаќа веќе три децении за луксузното и расипничкото дивеење на власта" – рекоа од Левица.

# Обвинение за полицискиот службеник кој ја застрела мигрантката Фатмата Камара од Сиера Леоне



Полицискиот службеник кој ја застрела мигрантката Фатмата Камара од Сиера Леоне, по што таа почина во болница во Гевгелија, е обвинет за тешки дела против општата сигурност, информираа од Основното јавно обвинителство.

Во извештајот на ЈО се вели дека полицискиот службеник се впуштил во борба со возачот на автомобилот кој ги пренесувал мигрантите, иако знаел дека во раката држи службено оружје полно со муниција, со кое што можеле да бидат загрозени и животот и сигурноста на целата група мигранти и при борбата испукал од службеното оружје.

„Испуканиот истрел ја погодил Фатмата Камара од Сиера Леоне, која седела на задното седиште во возилото нанесувајќи и повреда во задниот дел на десното рамо, па како резултат на здобиените повреди мигрантката починала откако била пренесена во ЈЗУ Општа болница Гевгелија", се додава во извештајот.

Настанот се случи на 19 април годинава во раните утрински часови во близина на Гевгелија, кај местото викано „Стара Касарна". Обвинетиот полициски службеник, кој бил раководител на смена бил известен дека група мигранти илегално ја преминале државната граница. Полициските службеници, се вели во извештајот од Обвинителството, се поставиле во близина на објект во изградба кај поранешната касарна Гевгелија.

„Откако во дворот на касарната биле забележани две возила во движење марка ‛форд фокус' и ‛мерцедес', обвинетиот издал наредба на двајца полициски службеници да се упатат кон главниот влез на касарната, додека тој тргнал кон групата мигранти. Кога обвинетиот се приближил на околу педесетина метри зад возилото ‛форд фокус' го забележал сега осудениот како излегува од него. Во меѓувреме групата мигранти се стрчале кон ‛мерцедесот', а обвинетиот откако им дал звучен сигнал од неговото возило се упатил кон нив со цел да го лиши од слобода второосудениот кој веќе ги прифаќал мигрантите туркајќи ги и обидувајќи се да смести што повеќе од нив внатре во возилото", додаваат од Обвинителството.

Пред да почне препирката за оружјето, полицаецот му дал сигнал на криумчарот и го предупредил со зборовите „Стоп полиција", но криумчарот не се одзвал на предупредувањето. Обвинетиот полициски службеник повторно го предупредил да застане и да престане да ги прифаќа мигрантите во своето возило, овојпат држејќи го службениот пиштол во рацете. И тоа предупредување било безуспешно, по што дошло до пресметката.

# Француски државјанин, кој дома бил пријавен за исчезнат, откриен како нелегален мигрант во Македонија

Во околината на Гевгелија македонски гранични полицајци, заедно со припадниците на ФРОНТЕКС, го пронашле С.И. (21) од Франција, кој во својата земја бил пријавен за исчезнат.

Тој бил затекнат при илегален влез на територија на Македонија и првично дал лажен исказ за личните податоци.

Но, по дополнителни проверки во соработка со Секторот за меѓународна полициска соработка, на 27.09.2023 е добиена потврда од француските власти дека станува збор за С.И., француски државјанин, кој во својата земја се води како исчезнат од 11.03.2023.

Лицето, согласно законските регулативи, е предадено на семејството.







# Момче запалено на фестивал: полицијата трага по сторителот, објави фотографии



22-годишно момче е во тешка состојба откако беше запалено на култниот годишен настан што привлекува илјадници луѓе во малиот, рурален град *Deniliquin* во *Нов Јужен Велс*. Инаку се наоѓа на околу 70 километри од градот *Ечука* во *Викторија*.

Полицијата апелира за информации од јавноста откако службите за итна помош биле повикани во кампот *Deni Ute Muster* по известаите дека маж бил запален. 22-годишен маж бил пронајден со значителни изгореници на лицето, откако наводно бил запален од друг маж кој се обидувал да запали канта со аеросол во близина. Пружена му е помош пред да биде однесен во болницата *Алфред* во *Мелбурн* каде и понатаму е во тешка состојба.

Полицијата објави слики од мажот што сака да го испраша, а во описот стои дека е во рани дваесетти години, белец со кафена коса, висок околу 170 сантиметри. Носел зелена кошула, сини шорцеви со жолта лента, црвено-црна капа и без чевли.

*Deni Ute Muster* стана еден од врвните настани во *Австралија*, привлекувајќи 20.000 луѓе кои го прославуваат селскиот живот во текот на долгиот викенд.

# Надомест за 1.700 работници во Квантас

**Ванеса Хадсон**, новиот извршен директор на *Квантас*, во видео порака, јавно се извини за низата скандали кои го нарушија угледот на авиокомпанијата, признавајќи дека е тешко да се излезе на крај и вети промени кои ќе ја вратат довербата на клиентите. **Хадсон** ја презеде челната позиција откако поранешниот извршен директор **Алан Џојс**, поднесе оставка по 15 години како еден од најплатените директори во *Австралија*.

*„Знам дека ве изневеривме на многу начини и за тоа ми е жал. Не ги дававме нашите услуги како што треба, честопати ни беше тешко да се излеземе на крај со тоа. Разбираме зошто сте фрустрирани и зошто некои од вас ја загубија довербата во нас“* - рече **Хадсон** во пораката. Според неа, тимовите од првата линија ќе добијат поголема флексибилност за подобро да им помогнат на патниците кога работите не одат според планот.

*„Бидете трпеливи со нас и ние апсолутно повторно ќе го подигнеме Квантас, да биде национален превозник со кој Австралијците се гордеат“* - вети **Хадсон**.

Покрај тоа, ги припиша повисоките авионски билети на побарувачката и капацитетот, како и на цените на горивото, кои според неа се зголемиле за 30 отсто во претходните три месеци.

*Квантас* се соочи со низа скандали. Минатиот месец, авиокомпанијата ги отстрани датумите за истекување на кредитот за патувањата што не беа искористени од ковид затворањата во вредност од $570 милиони, по реакцијата на австралиските и меѓународните клиенти. Освен тоа, *ACCC* ги истражува тврдењата дека Квантас продавал и билети за веќе откажани летови.

Судијата на сојузниот суд **Мајкл Ли**, и налажи на авиокомпанијата и Синдикатот на транспортните работници да присуствуваат на едномесечното посредување, откако Високиот суд едногласно ја отфрли жалбата на *Квантас* против пресудата.

*„Не е точно дека сме земале надокнади за било какви услуги. Наша примарна мотивација во тој период, кога ги откажавме летовите, беше да ги однесеме клиентите на следниот достапен лет, во спротивно ќе понудивме враќање на парите. Сега кога нашите операции се нормални, тоа не се случува“* - изјави **Хадсон** во својата порака. Како резултат на пресудата на Високиот суд, околу 1.700 отпуштени работници би можеле да добијат стотици милиони долари отштета и надокнада од *Квантас*. Новата директорка им се извини на засегнатите вработени и рече компанијата ја прифатил одлуката на Високиот суд.

*„Единственото нешто на кое сум сега фокусирана е да работам преку посредување, внимавајќи да постигнеме спогодба што е можно побрзо и поразумно“* - рече **Хадсон**. *Квантас*, исто така е фатен во одлуката на министерката за сообраќај, **Кетрин Кинг** да ја блокира понудата на *Катар* ервејз за дополнителни летови до *Австралија*, што доведе до обвинувања дека *Квантас* има преголема моќ во *Канбера*.

*„Ја почитуваме конкуренцијата, тоа не прави подобри. По ковид, 52 авиокомпании повторно летаат за Австралија, а многумина од нив се од земји кои исто така имаат договори за отворено небо“* - рече **Хадсон**. Во своето извинување, **Хадсон** вети дека ќе ги реши проблемите во авиокомпанијата. *„Разбираме дека мораме да ја вратиме вашата доверба, не со тоа што го говориме, туку со тоа што го правиме и како се однесуваме“* - истакна новата извршна директорка на Квантас и додаде дека промените ќе опфатат повеќе седишта за честите патници, повеќе луѓе во центри за повици за да се решат проблемите и ревизија сервисите за корисниците. *Квантас* во минатата финансиска година забележа годишен профит од $1.7 милијарди.

## Еден човек загина, а друг е повреден откако кит удри во чамец



Минатава сабота еден човек загина, а друг е повреден откако кит удрил во чамец во близина на *Сидней*. На бродчето ловеле риба кога нивниот чамец бил погоден. Според полицијата, чамецот силно се навалил и двајцата паднале во водата.

Починатиот имал 61 година, неговото тело било пронајдено во близина. Жртвата е на возраст од 53 години. Тој бил извлечен од водата и во стабилна состојба однесен во болница.







### АЛБАНЕЗЕ ОБВИНЕТ ЗА КРШЕЊЕ НА ВЕТУВАЊЕТО ЗА ВИСТИНСКА ИСТРАГА ЗА ПАНДЕМИЈАТА:

# Никој нема да одговара за Ковид затворањата во Австралија



Ќе биде покрената опсежна истрага за одговорот на *Австралија* на пандемијата на Ковид, потврди прајминистерот **Ентони Албанезе**. Едногодишната истрага, која ќе ја водат медицински и економски експерти, ќе ги испита здравствените, економските и структурните владини прашања донесени поради вирусот.

Меѓутоа, **Албанезе** не открил дали истражителите ќе имаат моќ да ги принудат поранешните или сегашните лидери на државите и териториите да дадат докази, за кои според тврдењата на Коалицијата претставува „заштитен рекет" за лабуристичката влада. Задачите на истрагата ги вклучува здравствени мерки, како што се: вакцинација, третмани и клучни медицински материјали, поддршка за ментално здравје, финансиска поддршка, поддршка на заедницата и меѓународни политики. Исто така, ќе се разгледа глобалното искуство и лекции научени од други земји, како да се подобрат мерките на одговор во случај на идни глобални пандемии. Говорејќи во *Аделаид*, **Албанезе** рече дека истрагата е потребна за да се испита *„што е направено правилно, а што можело да се направи подобро"* со оглед на големиот број животи кои ги однесе пандемијата.

*„Австралијците никогаш нема да заборават низ што мина земјата, особено во 2020 и 2021 година. Тоа беше време кога Австралијците се здружија и жртвуваа за да си помогнат еден на друг, жртвуваа некои од нормалните активности. Тоа беше период кој многу ги пореметѝ нашите животи, но го пребродивме. Австралија се уште е ранлива"* - изјави **Албанезе**.

Истрагата ќе ја водат пензионираната јавна службеничка, **Робин Крук**, епидемиологот **Кетрин Бенет** и здравственоот економист **Анџела Џексон**, а ќе испитуваат низа фактори, од подготвеноста на *Австралија* за вакцинација до нејзината поддршка на граѓаните кои беа заробени во странство. Истрагата ќе се консултира со претставници на јавноста и други заинтересирани страни, вклучувајќи и експерти и вработени во федерални, државни и територијални владини агенции.

## Прекршено ветување

Водачот на опозицијата **Питер Датон** ја критикуваше владата зошто не одржувала кралска комисија и го обвини **Албанезе** дека го прекршил ветувањето дадено на австралиската јавност.

*„Австралијците јасно го слушнаа прајминистерот, кога беше лидер на опозицијата пред изборите, кога рече дека треба да провери се за да се дојде до дното на одлуките донесени за време на ковид. Тоа беше свечено ветување, кое прајминистерот го даде на народот на Австралија, и тоа е едно од најзначајните неисполнети ветувања од неговиот избор"* - рече **Датон**.

За време на предизборната кампања во мај минатата година, **Албанезе** им рече на новинарите дека го поддржува прашањето, истрагата за пандемијата од ковид да се гледа преку кралска комисија. **Датон** рече дека кралската комисија ќе ја стави *Австралија* во подобра позиција во случај на идна пандемија.

*„Прајминистерот му должи на народот на Австралија правилно да разбере што се случувало на државно и сојузно ниво во врска со ковидот, политиките и одлуките кои биле донесени. Ако не ги научиме лекциите, добри и лоши, како да очекуваме да поминеме во следната пандемија, кога не разбравме што се случило во оваа"* - праша **Датон**. **Тери Слевин**, извршен директор на Здружението за јавно здравје на *Австралија*, вели истрагата не би требало да се користи за партиско собирање поени.

*„Тоа не би требало да биде легалистички или политички механизам за наоѓање и припишување вина и барање одмазда. Пандемијата имаше значително влијание врз секој човек во Австралија"* - рече тој.

Покрај тоа, **Слевин** очекува истрагата да обезбеди совети за опсегот, ресурсите и улогите кои може да ги даде центрот за контрола на болести за време на идни пандемии.

Имено, *Австралија* е единствената земја на Организацијата за економска соработка и развој без центар за контрола на болести. Министерот за здравство **Марк Батлер** рече, истрагата може да почне само откако ќе помине најлошиот период од пандемијата.

*„Не ја почнавме истрага додека нашите здравствени системи и влади се уште беа фокусирани на управувањето со пандемијата. Сигурни сме дека сега е време да ја почнеме оваа истрага"* - изјави **Батлер**.

Воедно рече, истрагата ќе и помогне на *Австралија* да го изгради *Националниот центар за контрола на болести (ЦДЦ)*, што лабуристите исто така го ветија пред следните избори.

## Што е предмет на истрага?

Следниве теми се опфатени со истражувањето:

*- Одговорности на Комонвелтот и владите на државите и териториите, заедно со националниот кабинет.*

*- Финансиска поддршка за поединци, како и за индустријата и бизнисите.*

*- Поддршка за луѓе во изолација и услугите за ментално здравје.*

*- Меѓународни политики, како што се затворање граници и набавка на вакцини.*

*- Начини за подобра поддршка на одредени заедници, вклучувајќи ги домородните и културно различните луѓе.*

Нема да се испитуваат акциите кои „еднострано" ги преземале државите и териториите, што значи дека можеби нема да може да се истражи неопходноста или процесот за затворање училишта и граници.

Надвор од опсегот на истрагата ќе бидат и меѓународните програми и активности кои им помагаат на странските земји.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
LAWYERS
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

**РАСЧИСТЕНО УБИСТВО ВО СКОПСКИ ХРОМ:**

## Синот го избодел 45 пати, а мајка му донела бензин да го запалат станот



Скопската полиција го расчисти случајот со убиениот маж во населбата „Хром" кому му беше запален и станот за да се прикрие злосторот. Поднесени се кривични пријави против против две лица, син и мајка: А.Д.(39) од Скопје, поради сомнение за сторени кривични дела „Убиство" и „Тешки дела против општата сигурност", како и против И.Ц.(58) од Скопје за „Тешки дела против општата сигурност".

„На 22.09.2023 во временскиот период од 06:40 часот до 09:30 часот, по пријавен пожар во стан на улица 'Исаија Мађовски' во Скопје, И.Ј.(35) од Скопје беше пронајден починат, со насилна смрт, како последица на 45 убоди од остар предмет во вратот и телото. Од страна на полициски службеници беше констатирано дека пожарот бил намерно предизвикан, со цел прикривање на трагите од извршеното кривично дело. По преземени бројни оперативни мерки и истражни дејствија со цел утврдување на идентитетот на сторителите на наведените кривични дела и на 29 септември е извршен претрес во дом во кој престојувал А.Д., кој не бил пронајден во домот и за него е распишан Централен распис за потрага, а лишена од слобода е И.Ц.", информира МВР.

Според истрагата А.Д. го убил И.Ј. (од кого го изнајмувале станот) по бурна расправија а потоа се јавил по мобилен кај мајка си. Таа дошла откако претходно зела пластично шише и отишла до најблиската бензинска пумпа, купила литар и пол гориво и во соизвршителство со синот подметнале пожар со намера да ги прикријат трагите за извршеното свирепо убиство. Со подметнатиот пожар тие предизвикале значителна опасност по животот и телото на станарите кои што живеат во зградата.

Судија на претходна постапка на второпријавената И.Ц. ѝ определила мерка притвор во траење од 30 дена. Синот беше уапсен од полицијата по два дена, кај мостот на Вардар во соседната населба Влае и исто така однесен во притвор.

# Одбележана 75-годишнина од егзодусот на Македонците од Егејот



Траумите од минатата се уште тешко заздравуваат. Од Грција, преку Битола и Војводина, до Скопје. Тешки пет години од своето детство доживеал Епидиј Бојаров при протерувањето на македонското население од егејскиот дел на Македонија во време на граѓанската војна во Грција од 1946 до 1949 година.

Во неделата, по повод 75 години од тој немил настан, се одржа помен во Катланово за загинатите борци од Демократската армија на Грција. И по толку години траорните сеќавања на Бојаров се уште се свежи. Такво нешто, вели тој, тешко е да се опише со зборови.

Роден во Кајлари, бил принуден дел од тинејџерските години да ги помине по различни прифатилишта, далеку од родната грутка и своите родители.

„Ние од 1944 година бевме префрлени во Југославија. Не преселија од Битола во Сомбор па Ѓаково, од Ѓаково назад во Македонија и најпосле бевме во Стајковци. И во 1949 година бевме префрлени во Маџари. Тоа време не се опишува. Не може никој да го опише какво беше тоа време.

Катлановската бања била една од болниците каде биле згрижени повеќе од 6.000 борци. Половина од нив биле оперирани, додека пак над 200 лица им подлегнале на повредите.

Дека споменот за децата бегалци живее се горди и дел од здруженијата на децата бегалци. Тие веруваат дека споменот ќе продолжи да живее и во иднина.

„По потпишувањето на Преспанскиот договор стравувавме дека активностите на егејските здруженија во Македонија ќе замрат, и дека државните власти нема да пружат поддршка во организирањето на нови средби. Меѓутоа, демантот дојде следните години. Сега знаеме дека по природното заминување на генерацијата деца-бегалци, нивното место го заземаат нивните потомци кои достоинствено ја продолжуваат традицијата на своите родители и дедовци", рекоа тие пред споменикот во Катланово.

Околу 22.000 македонски деца по наредба на комунистичкото раководство на ДАГ биле евакуирани од егејскиот дел на Македонија и префрлени во Албанија и тогашна Југославија, при што биле распоредени во собирни центри во Романија, Унгарија, тогашна Чехословачка и Полска.


LIVER - BLE - JUICE
ПОМАГА ПРИ ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЦРНИОТ ДРОБ (ЏИГЕРОТ)
ЗАМАСТЕН ЦРН ДРОБ / ЦИРОЗА
ХЕПАТИТ Б И Ц
ПРИ БОЛЕСТИ НА ЦРНИОТ ДРОБ И БУБРЕЗИТЕ
НИЕ МОЖЕМЕ ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ
ДА БИДЕТЕ ЗДРАВИ КАКО ПОРАНО
ПОГЛЕДНЕТО ГО ВИДЕОТО ЗА ОВОЈ ЛЕК:
https://youtu.be/yoeKUKgiz8U
ПИЈАЛОКОТ Е РЕГИСТРИРАН ВО ASIC - ПАТЕНТИРАН Е И ГИ ИМА СИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА
ПРИМАМЕ НАРАЧКИ ОД ЦЕЛА АВСТРАЛИЈА
ВАСКО ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ
ТЕЛ: 0410 403 667
E-MAIL: support@liver-ble.com.au
www.liver-ble.com.au
6 Walsh St, Preston 3072, VIC






Reg. No. A0042461G
AHAM BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123
АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА
Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663
НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418
ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381
ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874
КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса




# САРАВИНОВСКИ ПОВТОРНО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА БЕЈСАЈД

## Бил Саравиновски е вистинска легенда и повеќе од 30 години успешно опстојува во локалната политика

Минатава среда Бил Саравиновски, Македонец по потекло, избран е за градоначалник на општина Бејсајд по трет пат. Советникот Саравиновски претходно беше седум пати градоначалник на општината Рокдајл.

Бил Саравиновски ќе ја извршува функцијата до изборите за локалната самоуправа во септември 2024 година. За заменик градоначалник е избран советникот Џо Авада.

„Чест и привилегија е уште еднаш да служам како градоначалник на општина Бејсајд и би сакал да им се заблагодарам на моите колеги советници за поддршката што ја добив. Јас ќе служам на нашата општина, на нашите жители и на заедницата Бејсајд најдобро што можам", рече градоначалникот Саравиновски.

„Мојот приоритет е да го задржам моментумот од изминатите две години и силно да ја продолжиме нашата програма за работа и особено со нетрпение очекувам да видам понатамошен напредок во подобрувањето на искуството на клиентите, надградбата на Бартон Парк и Ботаничкиот воден центар.

„Исто така, би сакал да им се заблагодарам на градоначалничката во заминување, д-р Кристина Кари и заменик-градоначалникот, Скот Морисеј, за неверојатната работа што ја направија во последните две години градејќи посилна и поотпорна општина Бејсајд", рече Саравиновски.




## Македонско знаме пред грчкото училиште Oakleigh Grammar

Истакнувањето на македонското знаме во дворот на грчкото училиште Оукли Грамар во Мелбурн, по повод Денот на независноста на Република Македонија – 8 Септември, предизвика реакција што ја објави грчкиот весник „Неос космос".

Грчката националистичка организација Панмакедоники од Мелбурн, испрати писмо до училиштето и до владиката Макариос, водачот на православна црква под која се води школото, осудувајќи ја постапката.




“На 8 септември 2023 година, раководството на Колеџот го подигна знамето на ‘Скопје’ на видно место во просторот на Колеџот, со цел, како што не информираат, да ја прославт годишнината од независноста на оваа држава, предизвикувајќи непријатност не само на учениците и родителите на училиштето, но и жителите на ‘грчко-доминантниот’ како што вие го нарекувате, регионот и целата парохија.

Понатаму Панмакедоники наведува дека кревањето на македонското знаме, на „држава што безброј пати го подрива грчкото полагање на права на античкото наследство на Македонија" ја разлутило нивната заедница во Австралија. Се вели и оти постапката на училиштето претставува „напад врз грчката историја".

Претседателот на училиштето, Крис Даматопулос, и директорот Марк Робертсон, во писмо до медиумите истакнуваат дека во 2011 година донеле „совесна и храбра одлука да ја отворат својата образовна институција за прифат, нега и грижа за сите деца и за нивните семејства, без разлика на нивната боја, вера или раса".

Двајцата истовремено нагласија дека училиштето продолжува да ги „чува" и одржува столбовите на христијанското православие и на хеленизмот, но и оти е приврзано кон австралиската образовна политика на толеранција и различност и на „40 различни" култури претставени во студентската популација на училиштето.

„Денес ние сме горди на разновидното, мултикултурно семејство на ‘Оукли грамар’ со преку илјада вработени и ученици, кои претставуваат над 40 националности.

„За да се демонстрира инклузивност кон сите деца во ликот и љубовта Божја, беше решено да се веат знамињата на нациите на потекло на нашите студенти и вработени на соодветните национални денови во хармонија, мир и како признание за нашата мултикултурна заедница", велат Даматопулос и Робертсон во писмото.

Тие нагласија дека немале „намера да навредуваат или да не почитуваат", додавајќи дека „практиката е прифатена со цело срце од заедницата на која ѝ служиме во Христа,со љубов и единство".



# Свечено отворен новиот Македонски Културен Центар во Епинг



**_Објектот го пуштија во употреба: Лили Амбросио, Бронвин Хафпени и Џон Бранов_**



**_Молитва и осветување пред вечерата беше извршена од парохисниот свештеник Климент Станковски, архимандритот Гаврил (Галев) и ставрофор Ефтим Бетински_**



**_КУД "Чекор"_**

На 1 октомври, Македонската православна заедница за Мелбурн и Викторија (МПЦМВ), одржа свечено отворање на новиот Македонски Културен Центар во Епинг. Со вкупна внатрешна површина од 781 квадратен метар, надополнета со 136 квадрати надворешна покриена површина и капацитетот на салата со 220 седишта во иднина ќе биде достапен за изнајмување од заедницата. Модерно здание со две големи функционални простории и сите потребни придружни елементи.

Вечерта на отворањето беа присутни претставници од владата: федералниот министерот за имиграција и мултикултура Ендру Џајлс, министерката на Викторија за енергија и природа Лили Амбросио, пратеничката Бронвин Хафпени, и опозициониот пратеник Еван Мулхоланд.

Во исполнетата сала забележавме претставници од: Македонската заедница од НЈВ, Западна Австралија, Јужна Австралија, Светскиот Македонски Конгрес, МПЦ "Св Петка" од Рокдаел, МПЦ "Св Јован Кристел" од Џилонг и од пензионерските друштва.

Претседателот на МПЦМВ господин Џон Бранов одржа пригоден говор за свеченот отворање и ја истакна намената на новиот МКЦ, што ќе биде посветена на културните вредности и социјалната одржливост на македонската заедница. МКЦ ќе создаде важни социјални бенефиции а ќе ја зголеми целокупната благосостојба на македонската заедницата и ќе обезбеди можности за разни општествени иницијативи и активности.

Убаво е да се присетиме дека присутната пратеничка Бронвин Хафпени, која го претставува подрачјето на Томастаун, овозможи од владата на Викторија да се добие финансиска поткрепа од $375,000, за изградбата на овој Македонски културен центар.

Освен големото залагање на пратеничката Хафпени тука беше и повеќегодишната неуморна работа на целокупната управа на чело со починатиот претседател Мирчо Ангеловски, кои професионално ја го изведоа процесот на вистински пат.

Потоа следеше малку забава и настап на играорците на КУД "Чекор".

За сите оние што не можеа да присуствуваат на оваа прослава што беше целосно распродадена, добро е да се потсети дека в сабота, на 7 октомври, ќе се организира отворен ден за донации со барбекју и активности за деца.

Честитка за Македонската православна општина за Мелбурн и Викторија, која успешно продолжува да работи за иднината на заедницата.





**_Вечерта го забележавме и поранешниот директоро на Фондот за здравствено осигурување Ден Дончев со сопругата Џули, Оливера и Васно Атанасовски_**








**_Гоце Петковски и Димитар Тодоровски_**



**_Љупчо Крстевски со Лазо и Петар Велков_**

## ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ ПЛЕНТИ ВАЛИ ЛАЈОНС
# МАКЕДОНСКИОТ ФУДБАЛСКИ КУП ЗА ЈУНИОРИ НА 7 И 8 ОКТОМВРИ

За време на викендот на 7 и 8 октомври 2023 година, во организација на Фудбалскиот клуб Пленти Вали Лајонс, ќе се одржи годишниот Македонски јуниорски куп на кој ќе учествуваат осум македонски фудбалски клубови: Фудбалски клуб Пленти Вали Лајонс како домаќин, Алтона Меџик Вардар, Престон Македонија, Џилонг Македонија, Сиднам Парк Македонија, Лалор Јунајтед Слога, Нобл Парк Македонија и Кило Волци.

Домаќините подготвуваат возбудлив викенд исполнет со забава каде што ќе има дружење со македонските фудбалски клубови што ќе учествуваат на овој годишен настан.

Се очекува за тие два дена на стадинот на Robinvale Avenue во Томастаун да бидат одиграни околу 100 фудбалски натпревари.

Поканети се сите љубители на фудбалот и сите Македонци.










# Macedonian community event information

## СООПШТЕНИЕ

Селското социјално друштво Будимерци (Св. Никола), ги известува сите членови дека славата "Петков ден" ќе се одржи на 21 октомври во Фераро рецепција која се наоѓа на 14 Onslow Ave Campbellfield со почеток во 18 часот.

За карти и информации јавете се кај: Косте на тел: 0431 360 291, Ило на тел: 0423 774 147 или Ристе на тел: 0432 789 698

## СЕ БАРА РАБОТНИК

за инсталирање дрвени и железни огради за северниот дел од Мелбурн (не мора да имате искуство), се плаќа кеш. За повеќе информации јавете се кај Никола на: 0402 913 539

# Зголемено иселување и намален наталитет во Македонија

Државите на *Балканот*, единствено со исклучок на *Косово*, се соочуваат со негативен тренд на намалување на бројот на своето население независно дали станува збор за миграции и иселување на граѓаните или негативниот природен прираст кој особено е изразен во *Македонија, Србија, БиХ* но и *Хрватска.*

За жал *Македонија* исто така е на листата на земјите во кои бројот на починати го надминува бројот на живородени. Според податоците на Националното биро за статистика, во 2022 година 10.866 живородени деца или 60,1 отсто од вкупниот број живородени деца во *Македонија* се регистрирани во урбани средини, додека 7.207 или 39,9 отсто од живородените деца се во рурални средини. Во градските средини починале 14.354 лица или 63,9 отсто, а во руралните средини 8.105 или 36,1 отсто. Природниот прираст на населението е негативен и изнесува 3.488 во урбаните средини и 898 во руралните средини. Негативниот природен прираст покажува дека земјава минатата година изгубила гратче од близу 4.500 жители.

Податоците од последниот попис несомено покажуваат дека *Македонија* најбрзо старее кога станува збор на наталитетот во споредба со другите држави од опкружувањето.

# Мицкоски бара лидерска средба за парламентарните и претседателските избори



Во интервју за новиот број на неделникот „*Фокус*", лидерот на *ВМРО-ДПМНЕ* **Христијан Мицкоски** го повикува премиерот и лидер на *СДСМ* **Димитар Ковачевски** да свика лидерска средба, на која, како што вели, ќе се разговара за изборниот процес.

*„Ние се наоѓаме на помалку од шест месеци од изборен процес. Ова не се случило никогаш како сега да нема комуникација на тема што правиме бидејќи имаме два значајни изборни процеси кои што за неколку месеци од денеска ќе ни се случат. Нема ниту лидерска средба да разговараме за дати, нема разговори што значи адаптирање на Изборниот законик, тоа не се случило досега, а јасни се препораките на ОБСЕ и ОДИХР дека шест месеци пред изборите не треба да се менува Изборниот Законик*", истакна претседателот на *ВМРО-ДПМНЕ*, **Христијан Мицкоски**.

**Мицкоски** додаде дека и трета работа е што никој не се сети да испрати покана до набљудувачката мисија на *ОБСЕ* и *ОДИХР* во услови кога *Македонија* е пред два значајни изборни процеси, тоа се претседателските и парламентарните избори.

*„Тие знаете имаат два типа на мисии, едните се со подолг претстој, а другите се со пократок претстој. Овие со подолг претстој веќе требаше да се овде во Македонија*", заклучи тој.

*„Нема никаква лидерска средба, никакви разговори за Изборен законик. Порано ова никогаш не се случило. Ова е несериозно однесување на Владата, не е ова Влада само за едно прашање. Никој во Македонија не го интересира дали тие ветиле нешто или не ветиле. Еве повикувам, апелирам и ќе инсистирам на лидерска средба затоа што тоа е одговорно и државнички*", нагласи **Мицкоски**.

Тој укажа дека е потребна лидерска средба за да се разговара за парламентарни и претседателски избори, но и да се разговара за суштински теми кои и претстојат на државата.

# Пилотите на Lufthansa и Austrian Airlines ќе се подготвуваат за лет со македонска апликација

*Луфтханза* групацијата во која спаѓаат авио превозниците *Lufthansa, SWISS* and *Edelweiss Air, Austrian Airlines, Eurowings* и други ќе ја користи македонската платформа *Airport Briefing.*

Платфромата им помага на пилотите да се подготват за лет преку 3Д приказ на теренот каде треба да слетаат.



Креатор на аплиакцијата е компанијата *Synapsis Aviation* чии основачи се **Филип Арсов**, претприемач со долгогодишно искуство и капетан **Кочо Мојсов**, пилот од *Македонија* кој работи во компанијата *"Qatar Airways".* Спојот на ИТ/мултимедиа знаењето на **Арсов** и познавањето на авијацијата на **Кочо** се клучни во успехот на платформата. Први инвеститори кој веруваа во успехот на *Airport Briefing*, се токму пилоти кои се свесни за потребата од ваков производ.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Краставите жаби како предатори



Според неодамнешното истражување, кое го поддржа добротворната организација *Светски фонд за природен резерват на Австралија*, утврдено е дека автохтониот, животниски свет на *Австралија* е во опаѓање, а од друга страна доминираат донесените видови од големите крастави жаби, говеда и мачките.

Со 141 камера се снимале имоти во внатрешноста на *Западна Австралија*, и големите крастави жаби, со потекло од централна и *Јужна Америка*, се видени над 250 пати што ги потврдува извештаите дека инвазивниот штетник продолжува да освојува нова територија.

Отровните водоземци се фатени како скокаат над *Ниалига Ренџерс*, на поранешна фарма за добиток, во источен *Кимберли* меѓу 2020 и 2022 година.

**Сајлес Парсел**, ренџер од *Ниалига* на имотот од 640.000 хектари, се присетил кога жабите првпат влегле во регионот, популацијата на автохотни гуштери почнала да опаѓа, што се покажа и во сегашното истражување, кога беа откриени само два рептили.

Советникот на Фонд за култура, **Пиј Грегориј** бил шокиран од тоа колку диви мачки биле видени на имотот.

*„Мора да се справиме со штетниците за да ги спасиме домашните животни. Изгубивме премногу автохтони видови во Австралија“* - истакна **Грегориј**.

Инвазивните видови предизвикаа поголемо изумирање на дивиот свет од било што друго во *Австралија*. Бидејќи бројот на автохотни животни се намалува ширум **Кимберли**, планот бил да се идентификуваат високо заштитените подрачја за да можат ренџерите да ги фокусираат своите напори во нивна заштита.

Иако распространетоста на инвазивните видови е разочарувачка, добрата вест е што тимот го откри лажниот антехинус нингбинг, кој е речиси невозможно да се види, мал торбар месојадец, кој претходно не бил виден на имотот.

Останатите автохотни видови кои се видени на локалитетот се: северен волаби со нокти, краткоушиот камен волаби, динарти, екидни и различни видови влекачи и птици.

Се планира заштита на имотот со намалување на инвазивните видови, отстранување на добитокот и управување со пожари во кои ќе бидат вклучени и Абориџините.


**СЕ БАРА РАБОТНИК**

***за инсталирање дрвени и железни огради за северниот дел од Мелбурн (не мора да имате искуство), се плаќа кеш. За повеќе информации јавете се кај Никола на: 0402 913 539***



AEC Australian Electoral Commission

**Планирајте однапред**

РЕФЕРЕНДУМ I САБОТА 14 ОКТОМВРИ



**Сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари мора да гласаат на претстојниот референдум.**

Ако не можете да гласате на гласачкото место на денот на гласањето, можеби ќе имате право:

- да гласате во центар за предвремено гласање или
- да поднесете молба за гласање по пошта.

Предвреме можете да гласате ако на денот на гласањето патувате, работите или не сте во изборната единица во која сте запишани за гласање.

Планирајте однапред – бидејќи кога гласате на референдумот, вашиот глас е важен.

→ Одете на aec.gov.au/early или јавете се на 13 23 26 за да го најдете најблиското гласачко место и да ги проверите опциите и условите за предвремено гласање

YOUR Answer MATTERS

Овластено од Началникот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Canberra, ACT.
Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra, ACT.

# Лажирал киднапирање за да биде со својата љубовница

Маж од *Волонгонг* што лажирал сопствено киднапирање за да ја помине новогодишната ноќ со друга жена наместо со партнерката, мора да плати отштета на полицијата. Судот нареди **Пол Иера** (35) да плати $16.218 долари на полицијата на *Нов Јужен Велс* за спроведување на истрагата.

На 31 декември 2022 година, **Иера** испратил *СМС* порака на својата партнерка преправајќи се дека е од киднаперот. Во пораката пишувало дека ќе го задржи нејзиниот партнер до утро. Партнерката веднаш стапила во контакт со полицијата, која следното утро го пронашла **Иера** во неговото комбе. Полицајците вложиле повеќе од 200 часа полициска работа во истражувањето на ова киднапирање, со $16.218 долари потрошени на плати, објавија локалните медиуми. Весникот *„Илавара стар"* пишува дека **Иера** првично ѝ кажал на полицијата дека бил киднапиран од група непознати лица од *Блискиот Исток* и дека подоцна го ослободиле.

Но, истражителите по извесно време утврдиле дека се работи за лажно киднапирање, а во јануари добил кривична пријава за лажна пријава со намера да поттикне кривично дело против други лица, за што е предвидена казна затвор од седум години. **Иеара** не завршил во затвор, но судот му нареди мерка за добротворна работа и да плати отштета на полицијата.








## СООПШТЕНИЕ

*Македонската Австралиска Православна Црква „Успение на Пресвета Богородица"* од *Сиденам, Мелбурн,* ги известува своите членови и парохијани дека во месеците октомври и ноември 2023 година, надлежниот Митрополит Дебарско-кичевски и Администратор на Австралиско-сиднејската Епархија **Г.Г. ТИМОТЕЈ**, со својата придружба: протојерејот-ставрофор **Никола Христоски** и протоѓаконот **Николче Ѓурѓиноски**, ќе остварат канонска посета на Австралиско-сиднејската Епархија.

Посетата ќе започне со пристигнување во *Мелбурн* на ден 24.10.2023 година во утринските часови.

На ден 25.10.2023 ке остварат средба со Управниот Одбор на Македонската Православна црква *„Св. Јован Крстител"* во *Цилонг*, каде што на 26.10.2023, на празникот *„Св. великомаченичка Злата Мегленска"* ќе отслужат Божествена Аехиерејска литургија.

Во петок, на 27. октомври, 2023 година, на празникот *Преподобна Параскева - Св. Петка (ПЕТКОВДЕН)* ќе остварат средба со Управниот Одбор на *МАПЦ „Успение на Пресвета Богородица"* во *Сиденам*, каде ќе се служи Божествена Архиерејска Литургија со повеќе свештенослужители од *Мелбурн*, со почеток во 9:00 часот наутро. Во сабота, на 28. октомври, 2023 година, ќе го посетат Македонскиот Православен Манастир *„Св. Климент Охридски"* во *Кинг Лејк* и ќе остварат средба со Управниот Одбор на истоимениот манастир.

ВО недела, на 29 октомври, 2023 година, на празникот *„Св. маченик Лонгин Стотник и Преп. Лонгин"*, ќе остварат средба со Управниот Одбор на МПЦО за *Мелбурн* и *Викторија „Св. Ѓорѓи и Пресвета Богородица"* во *Епинг* и ќе се служи Божествена Архиерејсдка Литургија со повеќе свештенослужители од *Мелбурн*, со почеток во 9:00 часот наутро. Ги покануваме сите православни Македонци да присуствуваат на Светите Архиерејски богослужби во *Мелбурн* и *Викторија* на кои ќе чиноначалствува надлежниот Митрополит **Г. Тимотеј**, да примат Свет Архиерејски благослов од дедото Владика и духовно да се нахранат од неговите пастирски поуки за здравје и спасение на сите.

*ЗА МНОГУ ГОДИНИ!*

### ВО УКРАИНА СЕ ПОБУНИЈА ПРОТИВ ПРИСИЛНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА:

# Останати се само стари, деца и инвалиди

Масовната мобилизација што се спроведува во *Украина* резултира со сериозни загуби кај припадници на националните малцинства кои живеат во земјата. Најчести реакции за таквата украинска мобилизација на малцинствата доаѓаат од *Унгарија*, но сега, својот глас го кренаа и романските и молдавските организации за човекови права, кои излегоа со алармантни изјави.

Националниот совет на Романците на *Украина* испратил писмо до романскиот амбасадор во *Украина*, **Корнелиу Јонеску**, со барање да се интервенира во мобилизациската политика на властите во Киев и да се запре неоправданото активното регрутирање на етнички Романци во редовите на украинската војска.

Информациите за регрутирање на висок процент граѓани во областите каде што живеат националните малцинства се потврдени и од романски платеници кои учествуваат во воените дејствија во Украина. Во својата видео порака тие бараат да престанат



мобилизациските акции во населените места каде што живеат Романци и каде што нема останато никој освен стари лица, деца и инвалиди, како што се селата *Дмитровка* и *Александровка*, градовите *Измаил* и *Килија* во регионот Одеса и градот *Херца* во регионот *Черновци*.

Истовремено, Здружението на Молдавците во *Украина „Ватра"* се приклучи на повиците. Неговиот претседател **Виталиј Никула** испратил писмо до амбасадорот на *Молдавија* во *Украина*, **Валери Кивер**, со барање да се спречи зголемена мобилизација во областите густо населени со молдавското национално малцинство во регионот *Одеса*.

Напорите на романските и молдавските активисти повторно беа поддржани од Унгарците, односно од претставниците на *Друштвото на унгарската култура на Закарпатија (КМКСЗ)*, од каде апелираа до унгарскиот амбасадор во *Украина*, **Онтал Гејзер**, со слично барање – да се запре присилната мобилизација на нивните сонародници.

### БЕЛАТА КУЌА:

## Помош од САД за Украина уште неколку месеци ако не се усвојат нови средства

*Соединетите Американски Држави* ќе можат да продолжат да ѝ пружаат помош на *Украина „само уште неколку месеци"* ако Конгресот не усвои закон за нови средства, соопшти Белата куќа.

Портпаролот на Советот за национална безбедност **Џон Кирби** им изјави на новинарите дека точното траење на




помошта ќе зависи од потребите на украинската војска и она што се случува „на бојното поле", со наближувањето на зимата.

Изјавата на **Кирби** дојде неколку часа откако американскиот претседател **Џо Бајден** имал заеднички телефонски разговор со лидерите на сојузничките земји за координацијата на помошта за *Украина*.



**ЕДЕН ОД НАЈПОЗНАТИТЕ ГЕРМАНСКИ АВТОМОБИЛСКИ ГИГАНТИ НА КОЛЕНА:**

# Компанијата затвора фабрики на две недели, а работниците во шок



Автомобилскиот гигант *„Фолксваген"* (*„Volkswagen"*) објави дека ќе укине работни места во фабриката за електрични автомобили во *Цвикау* во родната *Германија* поради слабата побарувачка.

Компанијата пред една недела објави дека 269 работници ќе останат без работа по истекот на 12-месечниот договор. Деталите ќе се утврдат во наредните денови во договор со работничкиот совет.

Компанијата вели дека укинува работни места поради „актуелната ситуација" на пазарот. Се смета дека побарувачката за електрични автомобили е слаба поради високата инфлација и крајот на владините стимулации. Електричните автомобили се поскапи од возилата со внатрешно согорување. Фабриката во *Цвикау* ексклузивно склопува електрични автомобили за *„Фолксваген"* и нејзините подружници *„Ауди"* (*„Audi"*) и *„Купра"* (*„Cupra"*). Вработени се вкупно 10.700 работници, од кои 2.200 привремени работници, кои исто така може да останат без работа во наредниот период.

*„'Фолксваген' и понатаму е 100 отсто убеден дека треба да продолжи по патот кон електрични автомобили"*, нагласи портпаролот на компанијата и додаде дека иднината на фабриката во *Цвикау* е сигурна и дека ќе следат нови инвестиции. Фабриката во *Цвикау* беше првата во *„Фолксваген"* која започна со производство на електрични возила, имено моделите ID.3, ID.4 и ID.5 на „Фолксваген", Q4 e-tron на „Ауди" и Q4 Sportback и Cuprin Born.

Производството на автомобили со мотори со внатрешно согорување беше прекинато во 2020 година.

И покрај слободниот капацитет во фабриката во *Цвикау*, компанијата планира да ги произведува Q4 e-tron и VW ID.3 и во други фабрики.

Германската компанија за добавувачи на автомобили и процесно инженерство *„Алгејер"*, за потсетување, поднесе барање за стечај во јуни.

*„Алгаер"* има околу 1.700 вработени ширум светот кои беа шокирани од банкротот.

## Пензиониран пар поминал 500 дена на крстарење, затоа што е поевтино од старечки дом



Еден пензиониран пар од *Австралија* решил да помине скоро 500 дена на море откако резервирал 51 последователно крстарења. Го обиколија светот затоа што, велат, било поевтино од одење во старечки дом.

**Марти** и **Џес Ансен** го започнаа своето прво крстарење на 16 јуни 2022 година, по две години тешки ограничувања поради пандемијата на „ковид-19" и продолжуваат со крстарење, едно по друго. Постарата двојка била на бродот *„Coral Princess"* со 2.000 патници повеќе од 450 дена – подолго од повеќето членови на екипажот, вклучувајќи ги и капетаните. Двојката тврди дека е поевтино да крстарат по светот две години отколку да платат дом за стари лица. Тие велат дека предностите на таквиот начин на живот се тоа што секогаш има што да се прави, од танцување до вечера, а собарката им ја чисти кабината.

**Марти** навел дека сега не мораат сами да ја перат облеката, да го местат креветот и да прават други слични активности.

*„Мислам дека заборавивме да ги правиме овие нешта бидејќи не сме ги правеле многу долго, па сега мораме да останеме на крузерот за да преживееме"*, раскажува тој низ смеа.

**Џес** особено ужива во танцување во сала за танц, додека **Марти** ужива во дружењето со другите патници. Нивното патување ќе трае уште осум месеци, но планираат да се качат на уште поголем брод за крстарење и таму да поминат една година. Што се однесува до нивното семејство, велат дека ги гледаат кога застануваат на пристаништата во близина на нивните домови.

## Хрватите меѓу првите во светот тестираат дигитален пасош

*Хрватска* и *Финска* се првите членки на *ЕУ* кои го реализираат пилот-проектот за дигитални патни исправи. Минатата сабота на Цветниот плоштад во *Загреб* на сите заинтересирани граѓани им беше понудена можноста да го преземат дигиталниот пасош во мобилна апликација и да истражат како ќе изгледа патувањето во иднина. Дигиталниот пасош на граѓаните им овозможува побрзо преминување на граница преку мобилна апликација и користење посебни излези на граничните премини. Технолошката база за користење на дигиталниот пасош е мобилната апликација *Certilia*, која граѓаните веќе ја користат за дигитална потврда за идентитетот. Апликацијата *Certilia* ги има сите претпоставки за идниот дигитален паричник на *ЕУ* и овозможува идентификација на корисниците на највисоко безбедносно ниво.

Активацијата на дигиталниот пасош е едноставна. Потребно е претходно да се поседува електронска лична карта регистрирана во апликацијата за да се активира дигиталниот пасош.

Во првата фаза од тестирањето услугата ќе биде достапна на сите android телефони, додека IOS верзијата се очекува до крајот на годината. Планот е сите земји од *Европската унија* да се префрлат на дигитални пасоши до 2030 година.


Rahimovska
Financial Solutions
Suzi Rahimovska
(03) 9465 6071
Practice Principal

Investment Planning — Планирање за инвестиција
Retirement Planning — Планирање за пензија
Superannuation — Superannuation
Personal Insurance — Персонално осигурување
Portfolio review services — Услуга за преглед на портфолио

На нова адреса: 2/23 Heyington Avenue, Thomastown 3074

Rahimovska Pty Ltd (ACN 612 363 256) ATF Rahimovska Family Trust t/as Rahimovska Financial Solutions is a Corporate Authorised Representative of Synchron AFS License No 243313.




# НИКОЈ НЕ ЗНАЕ ШТО Е ОВА: МИСТЕРИОЗНИТЕ КРУГОВИ ПРОДОЛЖУВААТ ДА ГИ ШОКИРААТ НАУЧНИЦИТЕ



Таинствените, т.н „голи“ парчиња земја кои во облик на круг се појавуваат во подрачјата на Намибија и Австралија се далеку пораширени од тоа што досега се знаело.

Познати се како „вилински кругови“, а новата глобална проценка изброила 263 места на кои тие „ќелави“ точки може да се пронајдат – распоредени се на три континенти и во 15 земји, вклучувајќи ги Сахел, Мадагаскар и Средна западна Азија. Овие нови информации би можеле да им помогнат на научниците да откријат што ги предизвикува, прашање на кое се покажало дека е изненадувачки тешко да се одговори.

„Направивме глобална и системска проценка на вегатициските примероци налик на овој круг и откривме стотина локации на три континенти“, пишува тимот предводен од еколошкиот научник Емилио Гуаирад од Универзитетот Аликанте во Шпанија.

„Нашето истражување пружа увид во екологијата и биогеографијата на овие фасцинантни примероци и прв атлас на нивната глобална дистрибуција“.

Вилинските кругови се вистинска еколошка мистерија. Се појавуваа во пустински предели како кружни, неплодни плочници во ниска тревна вегетација која инаку го прекрива земјиштето – подрачје на сува, гола земја, до околу 12 метри во дијаметар и речиси секогаш се просторно одвоени – не се допираат или преклопуваат.

Сè уште не знаеме што ги предизвикува. Некои сугерираат дека ситни инсекти би можеле да играат улога, а постои и идеја дека круговите и помагаат на вегетацијата да ги максимизира водените ресурси. Но, некои кругови имаат различни карактеристики, што ги компликува работите. Некое време се разгледувала и идејата дека други билни видови би можеле зад себе да оставаа токсини, но таа идеја била отфрлена во 2021-ва.

Дел од проблемот е тоа што овие кругови се наоѓаат во делови на светот кои се крајно негостопримливи и до кои е тешко да се дојде.

Сепак, последните истражувања би можеле да помогнат да се добијат одговори на прашањето што ги предизвикува. Тоа е затоа што успеале да се идентификуваат специфични карактеристики заеднички за сите места на кои може да се пронајдат вилинските кругови. Тоа вклучува многу суво и пустинско окружување, високи температури и висока сезоналност на врнежите.




# НОВАТА ДЕВОЈКА НА ВЕНСАН КАСЕЛ Е КОПИЈА НА ТИНА



Францускиот глумец и заводник Венсан Касел, поранешен сопруг на Моника Белучи, сега се одмара во Рио де Жанеиро со својата нова љубовница, 27-годишната австралиска манекенка со бразилско потекло Нара Баптиста. Долго време се зборуваше за нивната романса, но потврдата стигна дури сега.

Винсент и Нара беа и претходно „уловени“ од папараците, но секогаш беа во друштво со пријатели. Сега пак, конечно се „фатени“ сами.

Винсент Касел, може да се каже, ја потврди својата афера со Нара. Манекенката на социјалните мрежи објави фотографија од актерот која тој веднаш ја постираше на својот Инстаграм профил. Фановите на Касел забележале и дека тој двосмислено ги коментира нејзините фотографии. На пример, под една од провокативните објави, тој напиша: „Не можам да се наситам од тебе“.





Според многу корисници на социјалните мрежи, Баптиста е многу слична на Тина Кунаки, последната сопруга на актерот, со која тој се раздели во април 2023 година. Да потсетиме, парот во 2019 година ја доби ќерката Амазони. Исто така, во претходниот брак со Моника Белучи, актерот стана татко на уште две ќерки - Дева и Леони.

Инаку, новата љубовница на глумецот, Нара, е родена во Бразил, а извесно време живеела во Австралија, каде што ја започнала својата манекенска кариера, учествувајќи на изборот за Мис Универзум, претставувајќи ја земјата. Девојката влезе во 15-те најубави учеснички, но не влезе во топ 10.

Нејзиниот најголем сон е да стане актерка.

### СПОРЕД ЕДНА СТУДИЈА

# Возрасни луѓе станувате кога...

Неодамна спроведеното истражување, во кое што учествувале 1.000 мажи и жени, покажало дека луѓето пораснуваат во 28-та година од својот живот. Доколку кариерата ви станала поважна од сексот, доколку размислувате за купување на недвижности, барате соодветен партнер, односно на годишен одмор одите со партнерот, а не со вашите најлуди пријатели, а истовремено ноќните излегувања со задоволство ги заменувате со уживање во домашна атмосфера, тогаш имаме „лоша" вест за вас... Вие сте пораснале и веќе сте возрасни!



Во спроведеното истражување, 37% од жените и 39% од мажите истакнале дека сметаат дека луѓето пораснуваат во 28-та година од животот, односно дека на таа возраст ги менуваат своите приоритети и однесувањето.

Вториот одговор на прашањето на која возраст луѓето стануваат возрасни е 30-та година. Оваа возраст ја посочиле 27% од жените и 24% од мажите.

Клер Крег, водителката на студијата, истакнала дека луѓето почнуваат да ги менуваат своите навики кон средината на дваесеттите години.

„Постојат многу знаци кои упатуваат на тоа дека растеме, а пред се тоа е желбата за повеќе стабилност и помалку хаос во животот", истакнала Крег, пренесува „Daily Mail".

## хумор - хумор - хумор - хумор

Стојанка трча со бебето во раце, го бара Стојан и се дере:
- Стојане бре! Детето проголта куршум!
А Стојан одговара:
- Аман мори, не го врти накај мене!

***

**Грчка тројка:** двајца мажи и еден маж

**Бугарска тројка:** двајца имаат секс, третиот пази да не им ја украдат облеката

**Руска тројка:** маж, жена и мечка

**Студентска тројка:** двајца имаат секс, третиот се прави дека спие

**Црногорска тројка:** двајца го убедуваат третиот дека имаат секс, третиот се прави дека им верува

**Македонска тројка:** еден имал секс, двајца други му завидуваат

**Албанска тројка:** „Голф“ тројка



# Победа не чекаше долго и го ангажира Јане Николоски



Поранешниот македонски голман Јане Николоски е нов тренер на второлигашот Победа од Прилеп, каде што го наследи Филип Мирчевски.

Мирчевски поднесе оставка по лошите резултати на стартот на сезоната во Втората лига, па главна задача на Николоски ќе биде да направи напредок во следниот период.

49-годишникот Николоски зад себе има богата фудбалска кариера како голман, а како тренер беше дел од младинскиот тим на Победа, потоа АЕЛ Лимасол, Хоризонт Турново, Победа, Слога Виница, Борец...

Победа во моментов се наоѓа на 11. место во ВМФЛ иако амбициите пред стартот беа враќање во елитата. Николоски го презема прилепскиот тим откако досега беше спортски директор на Шкупи.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 9. коло

| | |
|---|---|
| БРЕГАЛНИЦА – ВАРДАР | 0:0 |
| РАБОТНИЧКИ – ТИКВЕШ | 1:0 |
| СИЛЕКС – ВОСКА СПОРТ | 4:2 |
| ШКУПИ – СТРУГА ТЛ | 1:0 |
| ГОСТИВАР – ШКЕНДИЈА | 2:2 |
| МАКЕДОНИЈА ЃП – АП БРЕРА | 1:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкупи | 9 | 5 | 3 | 1 | 18 |
| 2. Шкендија | 8 | 5 | 2 | 1 | 17 |
| 3. Силекс | 9 | 4 | 4 | 1 | 16 |
| 4. Струга ТЉ | 7 | 5 | 0 | 2 | 15 |
| 5. Брера | 9 | 4 | 2 | 3 | 14 |
| 6. Тиквеш | 9 | 4 | 1 | 4 | 13 |
| 7. Работнички | 9 | 4 | 1 | 4 | 13 |
| 8. Македонија ЃП | 9 | 3 | 2 | 4 | 11 |
| 9. Брегалница | 9 | 3 | 1 | 5 | 10 |
| 10. Воска | 9 | 2 | 1 | 6 | 7 |
| 11. Гостивар | 9 | 2 | 1 | 6 | 7 |
| 12. Вардар | 8 | 1 | 2 | 5 | 5 |

## ВТОРА МФЛ

Резултати од 7. коло

| | |
|---|---|
| БЕЛАСИЦА – ОХРИД | 0:1 |
| ДЕТОНИТ – БАШКИМИ | 7:0 |
| СКОПЈЕ – АРСИМИ | 1:0 |
| САСА – ПОБЕДА | 2:1 |
| КАРАОРМАН – БЕСА | 0:2 |
| КОЖУФ – ТЕТЕКС | 3:4 |
| НОВАЦИ – ОСОГОВО | 1:2 |
| ВАРДАР (Н) – ПЕЛИСТЕР | 0:1 |

Табела

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 18 |
| 2. ПЕЛИСТЕР | 16 |
| 3. ДЕТОНИТ | 16 |
| 4. КОЖУФ | 15 |
| 5. ОХРИД | 13 |
| 6. ТЕТЕКС | 12 |
| 7. НОВАЦИ | 10 |
| 8. БАШКИМИ | 10 |
| 9. АРСИМИ | 9 |
| 10. БЕЛАСИЦА | 9 |
| 11. ПОБЕДА | 8 |
| 12. СКОПЈЕ | 7 |
| 13. ВАРДАР (Н) | 6 |
| 14. ОСОГОВО | 6 |
| 15. САСА | 5 |
| 16. КАРАОРМАН | 3 |

# Том Рогиќ: Го напуштам фудбалот, ќе му се посветам на семејството



Поранешниот австралиски репрезентативец Том Рогиќ објави дека ставил крај на својата кариера.

„По долго размислување решив да го напуштам фудбалот. Одлуката ја донесов за да можам да му се посветам на моето семејство. Мојата сопруга и јас добивме ќерка во 2021 година. Сметав дека тоа е најголемиот успех во мојот живот. Следната година јас и мојата сопруга ќе имаме близнаци. Напорно се боревме за ова, а сега ќе имаме близнаци и двегодишно дете. Ми се чини дека е вистинското време да се посветиме на семејството", објави Рогиќ.

Тој истакна дека имал добра фудбалска кариера.

„Поголемиот дел од кариерата го играв за Селтик, еден од најголемите клубови во светот. Играв во Лигата на шампионите и освоив многу трофеи, играв секоја недела пред 60.000 навивачи. Ја претставував мојата земја на 50 натпревари и играв на големи натпреварувања", додаде Рогиќ.

Рогиќ (30) играше за Селтик од 2013 до 2022 година, а минатата сезона ја мина во Вест Бромвич Албион. За австралиската репрезентација одигра 50 натпревари и постигна 10 голови.

## ПОЛМАНС ДИСКВАЛИФИКУВАН ВО ШАНГАЈ:

# Австралиски тенисер исфрлен од турнир во момент кога имаше меч-топка



Австралискиот тенисер Марк Полманс беше на чекор од голем успех на Мастер 1000 турнирот во Шангај и само еден поен го делеше од пласман на главниот турнир. Тој во финалето од квалификациите играше против Стефан Наполитано, имаше водство од 1-0 по сетови и 6-5 во тај-брејкот во вториот сет при негов сервис.

Се играше тај-брејкот од вториот сет и Полманс имаше меч топка, но промаши прилично лесен удар на мрежа.

Поради пропуштената прилика реагираше нервозно, и тенисерот со голема сила го удри топчето кое заврши директно во лицето на судијата.




Од поен за победа стигна до дисквалификација поради агресивно однесување. Австралиецот се обиде да се извини, но немаше промена на одлуката, бидејќи правилата се многу јасни.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# УЕФА ја казни хрватската фудбалска федерација



Дисциплинската комисија на УЕФА ја казни хрватската фудбалска федерација со 10 илјади евра и делумно празнење на стадионот (до илјада гледачи) за следниот домашен натпревар во УЕФА натпреварувањата.

Казната која доаѓа по истакнувањето на усташки знамиња на средбата против Летонија во квалификациите за ЕВРО 2024 е условна и ќе биде на сила во следните две години.

Во следниот период Хрватската фудбалска федерација ја очекува уште една казна, онаа за натпреварот помеѓу Ерменија и Хрватска, исто така во септемвриските евро квалификации во кој хрватските навивачи предизвикаа физичка пресметна на трибините на теренот во Ереван.

## Ѓорческа напредуваше за 30 места на новата ВТА листа



Најдобрата македонска тенисерка, Лина Ѓорческа, имаше сериозен напредок на новата ранг листа на WTA откако го освои фјучрс турнирот во Куршумлијска Бања. Македонката со освоените 70 поени од турнирот се качи на 186. место на ВТА листата, што е скок за 30 позиции од претходната недела.

Со ова Лина дојде многу блиску до својот најдобар ранкинг кој беше 170. место (12 јуни 2017).

Во конкуренција на двојки Ѓорческа има пад за шест места и сега се наоѓа на 309. место со 256 поени.

### И кај мажите долу-горе

Најновата АТП листа донесе минимални промени и во рангот на македонските тенисери. Калин Ивановски и натаму е најдобро рангиран, но тој има два поени помалку од претходното рангирање – 158 и пад за едно место и сега се наоѓа на 331.то место. Горазд Србљак е рангиран на 1101. место со 9 поени (пад за една позиција).

Во конкуренција на двојки Ивановски е рангиран на 633. место со 79 поени има пад за две места, а Марковски им пад за една позиција и е рангиран на 1220. место со 21 поен.

ОДБИЈА ДА ИГРААТ ЗА ТУРЦИЈА И БЕА КАЗНЕТИ:

## Мора да ги вратат пасошите



Американските кошаркари Шејн Ларкин и Скоти Вилбекин се казнети со одземање на турските пасоши откако не сакаа да играат за оваа репрезентација во текот на летото во претквалификациите за Олимписките игри.

Турците се бесни бидејќи загубија во претквалификациите за Олимписките игри на турнир за кој скапо платија да го организираат, па кошаркарите ќе го пропуштат Париз.

Не само што добија суспензија од пет натпревари во турскиот шампионат и парична казна од околу 3.000 евра, туку Ларкин и Вилбекин ги загубија и турските пасоши.

Поточно, тие повеќе нема да се бројат како домашни играчи во турскиот шампионат, што ќе им создаде најголем проблем на нивните клубови. Исто така, тие никогаш повеќе нема да играат за репрезентацијата.

Турскиот шампион, Анадолу Ефес, изрази незадоволство од одлуката на Кошаркарскиот сојуз на Турција, сметајќи дека одлуката е неправедна.

Ларкин протестираше за се и рече дека не можел да и помогне на репрезентацијата бидејќи е повреден, додека Вилбекин многу посмирено ја прими оваа вест и едноставно не се јави на телефонот на селекторот Атаман. Фенербахче излезе во негова одбрана, исто како што Ефес го поддржа Ларкин.

И двата клуба сега се во големи проблеми поради бројот на странци кои ги имаат во тимот. Ефес сега има 10, Фенербахче 11, а дозволената бројка во турското првенство е шест.

## Сашко Кедев се искачи на шестиот највисок врв во светот Чо Ју




Кардиологот Сашко Кедев кој е член на МАНУ го освои и врвот на Чо Ју кој е негов осми освоен врв над 8.000 метри.

Експедицијата во која бил кардиологот го освои овој врв на 2 октомври само 5 дена по минување на тибетската граница.

Чо Оју е шестата највисока планина во светот на 8,184 метри надморска височина.

Чо Оју на тибетски значи „тиркизна божица".

Планината е најзападниот главен врв на регионот Хумбу на Махалангур Хималаја лоциран на 20 километри западно од Монт Еверест. Планината се наоѓа на границата број 1 на кинеската Тибетско-Непалската провинција.



# Шампионот на УФЦ Волкановски за минута го победи шампионот во НБА, Мареј



Кошаркарот на НБА првакот Денвер нагетс, канадската ѕвезда Џамал Мареј, беше во Австралија каде го посети УФЦ шампионот Александар Волкановски и сакаше заедно да тренираат.

Тие не се иста категорија, Мареј е 25 сантиметри повисок, а и многу потежок од „Александар Велики", но ја нема техниката на Австралиецот со македонско потекло, па доби неколку лекции по бокс и борење.

Мареј се обложи со Волкановски дека ќе издржи една минута без да биде туширан од него ако се борат. Волкановски го прифати предизвикот и борбата почна. Волкановски се мачеше против далеку покрупниот „противник", но точно на истекот на минутата, Мареј беше во загубена позиција и даде знак дека се предава.

Волкановски на крајот му призна на Мареј: „Ти си многу подобар во боречки вештини, отколку јас во кошарка".

## Перез ќе добие „шут-карта" од „Ред бул"?



Серхио Перез е еден од најзаслужните за првата шампионска титула која Макс Ферстапен ја освои во 2021 година.

Мексиканскиот возач беше пофален од тимот на „Ред бул" за одлично завршената работа во дуелот против Луис Хамилтон, кога Британецот мораше да ита на патеката за да го достигне Ферстапен на патеката. Мексиканецот немилосрдно му го трошеше времето, па и гумите на Луис Хамилтон на моменти, така да во голема мера тој беше заслужен за титулата на Верстапен.

Но сега изгледа дека тој ќе добие шут карта од тимот, односно дека е можно такво нешто, според изјавите на Хелмут Марко.

- Не знам дали Чеко Перез ќе остане во нашиот тим, не знам дали ќе го имаме догодина. Мора да имаме секогаш добри возачи и добри резерви. На последната трка, во Јапонија, Серхио имаше лошо темпо и лоша трка за разлика од Макс, но сигурен сум дека во Катар веќе ќе биде се во ред со него, порача Марко.

Се погласно се шпекулира дека „Ред бул" ќе му го земе местото на Перез во тимот и дека на негово место ќе дојде нов, помлад возач како број 2.

## Леброн не знае дали ќе игра по сезоната 2023/24



Еден од најдобрите кошаркари во историјата на НБА-лигата, Леброн Џејмс, по враќањето од одмор, призна дека сè уште не размислува за кариера по сезоната 23/24.

Џејмс има опција во договорот со Лос Анџелес Лејкерс да настапува во сезоната 2024/25 и да заработи 51,4 милиони долари. Според него, сега не е подготвен да одговори дали ќе ја продолжи кариерата или ќе ја напушти кошарката во 2024 година.

– Сè уште не знам. Се чувствувам поинаку. Немам веќе 21 година, тоа е сигурно. Но, што се однесува до енергијата, немам проблем со тоа, изјави Џејмс.

Исто така, 38-годишниот Леброн е заинтересиран за настап на Олимписките игри во Париз.

– Јас сум заинтересиран. Ќе видиме, додаде првата ѕвезда на Лејкерс.

Леброн кариерата во најсилната лига на светот ја почна во 2003 година како играч на Кливленд Кавалирс. Има играно и за Мајами Хит.

### ВИКТОРИЈА ГО ПРЕКИНА МОЛКОТ ЗА АФЕРАТА НА ДЕЈВИД БЕКАМ ОД 2003 ГОДИНА:

## Тоа беше најтешкиот период во мојот живот



Сензационалниот документарен филм за Дејвид и Викторија Бекам започна да се прикажува на Нетфликс. Документарниот филм од четири епизоди, насловен „Beckham", го следи парот во нивните лични и професионални животи, поминувајќи низ нивната историја заедно, преку интервјуата на парот.

Поранешната членка на „Спајс грлс" и модна дизајнерка со солзи во очите за првпат проговори за најтешкиот и најболниот период во нејзиниот живот, а станува збор за времето кога Дејвид играл за фудбалскиот клуб Реал Мадрид во Шпанија, во текот на 2003 година. Тогаш до медиумите стигнаа гласините за неговото наводно изневерување со Ребека Лос, но тие со години ги негираа. Сега отворено проговорија за борбата да ја спасат нивната врска.

Викторија им признала на продуцентите на документарниот филм дека ја „потиснала" траумата, за да ја поддржи фудбалската кариера на својот сопруг.

На прашањето дали му замерува на сопругот, Викторија потврдно одговори.

„Ако сакам да бидам целосно искрена, тоа го направив. Тогаш бев најнесреќна што сум била во целиот мој живот", одговори Викторија.

На прашањето од режисерот Фишер Стивенс како парот го „преживеал" сето тоа, Дејвид кажува:

„Секогаш кога се будевме чувствувавме, знаете, имаше нешто друго и знаевме дека го чувствуваме. Тогаш и двајцата чувствувавме дека не саамо што се губиме туку дека се давиме. Но, на крајот на денот, тоа е нашиот приватен живот. Имаше денови кога мислев: „Како ќе одам на работа? Како ќе одам на теренот, ќе вежбам и ќе изгледам како се да е во ред? Се чувствував физички лошо секој ден кога ги отворав очите. Како ќе го направам ова?, раскажува Дејвид.

Дејвид призна и дека му било тешко да се прилагоди на шпанскиот начин на живот откако го напуштил клубот Манчестер Јунајтед, а дополнителен фактор за неговата осаменост бил и фактот што Викторија останала во Лондон. Парот не се двоумеше да зборува и за траумите со папараците и за влијанието што можеле да го имаат врз нивниот првороден син Бруклин. Викторија се присети и на раѓањето на нејзиниот трет син Круз во 2005 година, кога Дејвид не бил присутен на породувањето, бидејќи имал фотосесии со гламурозните ѕвезди како Џенифер Лопез и Бијонсе.

Парот, кој се чини дека ги оставил сите овие драми и проблеми зад себе, во документарецот покажуваат дека сè уште се вљубени и посветени еден на друг,а снимањето на документарецот го опишале како „терапија".


A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X
9 771442 195005

# СПОРТ

## ФИНАЛЕ НА АВСТРАЛИСКАТА ФУДБАЛСКА ЛИГА 2023:




# КОЛИНГВУД ЈА ОСВОИ ТИТУЛАТА

## Колингвуд Мегпајс 12,18 (90)
## Бризбен Лајонс 13,8 (86)

Минатава сабота, пред 100.024 гледачи на легендарниот стадион MCG во Мелбурн, се играше големото финале на Австралискиот фудбал (AFL) помеѓу Колингвуд и Бризбен.

Ова беше едно од највозбудливите финалиња на AFL, и на крајот Колингвуд го освои пехаро, со фамозна победа од 12,18 (90) спрема 13,8 (86).

Играта беше толку изедначена и неизвесна што водството се менуваше 11 пати во текот на средбата пред „мегпајс“ да стигнат до драматична победа во последните четири минути.

Од прикажаната игра пехарот можеше многу лесно да го добие и Бризбен, кој во последните минути напаѓаше со сите сили во потрага по победничкиот погодок.

Публиката навистина беше почестена со висококвалитетен натпревар и неизвесност до последниот момент. Суперѕвездите на “ црно-белите”, Ник Даикос и Џордан Де Гои во клучниот момент се истакнаа, но тука беше и целиот тим со пожртвувана игра.

За Колингвуд, кој е основан во 1892 година, ова е крај на сушата од 13 години без трофеј. Сега со 16 пехари Колингвуд се изедначи со Есендон и Карлтон како најтрофејни екипи во лигата.



Македонската AFL династија Дајкос: Џош, легендата Питер, Колин и Ник славеа за победата на црно-белите

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au